С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес
Излегува по потреба

Број 10 година XLIII

14 јуни 2007

106.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт-детален урбанистички план за дел од локалитет Керамидна „А“ Велес

Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт-детален урбанистички план за дел од локалитет Керамидна „А“ Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 12.06.2007 година.

Број 0801-2658/1
14.06.2007 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.51/05) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.06.2007 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на Нацрт - детален урбанистички план за дел од локалитет Керамидна „А“ - Велес

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес го утврдува Нацрт - детален урбанистички план за дел од локалитет Керамидна „А” - Велес.

По утврдувањето на Нацрт - детален урбанистички план за дел од локалитет Керамидна „А” - Велес ќе се спроведе Јавна презентација и Јавна анкета.

Член 2

Јавната презентација и Јавната анкета ќе се спроведат со изложување на планот во просториите на Општината.

Времето на изложување на планот за Јавна анкета и денот на одржување на Јавната презентација, ќе биде објавено со соопштение до јавните гласила и печатен медиуми.

Член 3

По спроведената Јавна презентација и Јавна анкета се изготвува Извештај за прифатените и неприфатените забелешки од страна на Стручна комисија формирана од Градоначалникот.

Извештајот е составен дел на Одлуката за донесување на Предлог-планот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-2636/2
12.06.2007 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Трајко Бабунски,с.р.

107.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за именување на претседател и членови на Комисијата за утврдување на корисници за користење на простории

Се објавува Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за утврдување на корисници за користење на простории , што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 12.06.2007 година.

Број 0801-2658/2
14.06.2007 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02), член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.12/06), а согласно член 2 од Правилникот за користење на простории од страна на задруженија на граѓани и фондации Велес („Сл.гласник на Општина Велес“бр. 8/04),

Советот на Општина Велес на својата одржана седница на 12.06.2007 година донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
за именување на претседател и членови на Комисија за утврдување на корисници за користење на простории

1.За претседател на Комисија за утврдување на корисници за користење на простории се именува:

· Катица Чадиева - раководител на одделение во Општина Велес.

2. За членови на Комисија за утврдување на корисници за користење на простории се именуваат:

-Весна Џајкова и

-Марина Мијајлевска -членови на Совет.

3. Комисијата се задолжува да постапи согласно Правилникот за користење на простории од страна на задруженија на граѓани и фондации Велес и да ја започне постапката за утврдување на кандидати за користење на простории.

4. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-2636/4
12.06.2007 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Трајко Бабунски,с.р.

108.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за разрешување и именување на членови на Организациониот одбор на Културната манифестација Фестивал на античка драма „Стоби“ Велес

Се објавува Решението за разрешување и именување на членови на Организациониот одбор на Културната манифестација Фестивал на Античка драма „Стоби“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 12.06.2007 година.

Број 0801-2658/3
14.06.2007 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02), член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.12/06),

Советот на Општина Велес на својата одржана седница на 12.06.2007 година донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување и именување на членови на Организациониот одбор на Културната манифестација Фестивал на Античка драма „Стоби“Велес

1. Од членови на Организациониот одбор на Културната манифестација Фестивал на Античка драма „Стоби“Велес се разрешуваат:

Васил Зафирчев - актер и
Јадранка Стефкова - советник во Општина Велес

2. За членови на Организациониот одбор на Културната манифестација Фестивал на Античка драма „Стоби“Велес се именуваат:

Слободанка Чичевска - актер и
Божидар Јовиќ - советник во Општина Велес

3.Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-2636/5
12.06.2007 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Трајко Бабунски,с.р.

109.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на почетни цени за издавање под закуп на угостителски шанкови во Градскиот базен за летната сезона 2007 година

Се објавува Решението за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на почетни цени за издавање под закуп на угостителски шанкови во Градскиот базен за летната сезона 2007 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 12.06.2007 година.

Број 0801-2658/4
14.06.2007 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз онова на член 11, став 1, точка 6 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96, 6/02, 4/03 и 49/06), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа (”Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес (”Службен гласник на Општина Велес" бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.06.2007 година донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на почетни цени за издавање под закуп на угостителски шанкови во Градскиот базен за летната сезона 2007 година

1.Со ова Решение се дава согласност на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на почетни цени за издавање под закуп на угостителски шанкови во Градскиот базен за летната сезона 2007 година, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти "Парк-Спорт"- Велес на седницата одржана на 02.06.2007 година.

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-2636/6
12.06.2007 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Трајко Бабунски,с.р.

110.

Врз основа на член 51 од Законот за локалната самоуправа (”Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 27, став 1 од Статутот на Општина Велес (”Службен гласник на Општина Велес бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес на ден 14.06.2007година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за запирање од објавување на Одлука за измена на Одлуката за измена на режимот на сообраќајот на улица „Благој Ѓорев“ и улица „Алексо Демниевски“ во Велес

Се запира од објавување Одлуката за измена на Одлуката за измена на режимот на сообраќајот на улица „Благој Ѓорев“ и улица „Алексо Демниевски“ во Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 12.06.2007 година.

1.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Велес".

број 0801-2682/1
14.06.2007 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

111.

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 98-а, став 10 од Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр. 63/04), а согласно Јавниот оглас за именување на директор на ООУ "Васил Главинов"- Велес,од 30.04.2007 година,

Градоначалникот на Општина Велес на ден 22.05.2007 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за избор на директор на Општинското основно училиште
"Васил Главинов"- Велес

1.За директор на Општинското основно училиште "Васил Главинов"- Велес се избира:

- Асен Прличков од Велес
магистер по кадровски менаџмент

2.Директорот раководењето со Општинското основно училиште "Васил Главинов"- Велес ќе го извршува од 23.05.2007 година, во траење од 4 (четири) години.

3. Се задолжува Училишниот одбор на Општинското основно училиште "Васил Главинов"- Велес, да ги извести кандидатите за извршениот избор.

4.Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 23.05.2007 година и ќе се објави во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0801-1633/3
22.05.2007 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Бр на акт **Страница**

106	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт-детален урбанистички план за дел од локалитет Керамидна „А“ Велес** **О Д Л У К А за утврдување на Нацрт - детален урбанистички план за дел од локалитет Керамидна „А“ - Велес**	**137**
107	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за именување на претседател и членови на Комисијата за утврдување на корисници за користење на простории** **Р Е Ш Е Н И Е за именување на претседател и членови на Комисија за утврдување на корисници за користење на простории**	**138**
108	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за разрешување и именување на членови на Организациониот одбор на Културната манифестација Фестивал на античка драма „Стоби“ Велес** **Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување на членови на Организациониот одбор на Културната манифестација Фестивал на Античка драма „Стоби“Велес**	**138**
109	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на почетни цени за издавање под закуп на угостителски шанкови во Градскиот базен за летната сезона 2007 година** **Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на почетни цени за издавање под закуп на угостителски шанкови во Градскиот базен за летната сезона 2007 година**	**139**
110	**Р Е Ш Е Н И Е за запирање од објавување на Одлука за измена на Одлуката за измена на режимот на сообраќајот на улица „Благој Ѓорев“ и улица „Алексо Демниевски“ во Велес**	**139**
111	**Р Е Ш Е Н И Е за избор на директор на Општинското основно училиште “Васил Главинов”- Велес**	**140**

Издавач: Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00